

Документ за јавна политика

„Одбрана и развој: НАТО и ЕУ во функција на економски придобивки за Северна Македонија“

Документ за јавна политика

„Одбрана и развој: НАТО и ЕУ во функција на економски придобивки за Северна Македонија“

Ментор:
Дане Талески

Автори:
Дориса Земон
Или Пачуку
Леона Каталиниќ

РЕЗИМЕ

Членството на Северна Македонија во НАТО во 2020 година, покрај безбедноста и стабилноста, беше проследено со очекувања за забрзан економски раст и повеќе странски директни инвестиции. Но, податоците од периодот по пристапувањето не покажуваат јасен економски ефект. Растот на БДП остана во сличен опсег како и пред членството, а странските директни инвестиции имаат само блат пораст. Меѓународните кризи делуваа како силен ограничувачки фактор (на пр Ковид пандемијата во 2020 и енергетската криза по руската воена агресија во Украина во 2022). Сепак, тоа што економските ефекти беа оневозможени на краток рок не значи дека членството во НАТО ги губи своите економски потенцијали на подолг рок. Компаративна анализа на споредливи земји од регионот покажува дека членството во НАТО може да донесе значителни економски придобивки. Ова е особено важно денес, кога НАТО и ЕУ значително ги зголемуваат вложувањата во одбраната и одбранбената индустрија, создавајќи нови можности за земјите што можат да се вклучат во овие процеси. Врз снова на овие наоди, документот ја анализира моменталната регулаторна и институционална рамка за развој на домашната одбранбена индустрија и предлага конкретни цели за политики, како поедноставување на условите за учество во производството, поактивно искористување на партнерството со ЕУ, наменска инвестициска програма и насочување на јавните инвестиции во критична инфраструктура. Целта е Северна Македонија целосно да го искористи економскиот потенцијал од своето членство во НАТО и идното членство во ЕУ.

I. ВОВЕД

Пред пристапувањето, но и со самото пристапување во НАТО, покрај безбедносните придобивки, членството во НАТО во македонскиот политички и економски дискурс беше силно поврзувано со очекувања за забрзување на економскиот развој. Основната претпоставка беше дека интеграцијата во Алијансата ќе ја зајакне политичката и безбедносната стабилност на државата, со што ќе се намали перцепцијата на ризик кај странските инвеститори и ќе се создадат услови за зголемен прилив на странски директни инвестиции, повисок економски раст и подобрување на деловната клима.

Овие очекувања беа артикулирани уште пред финализирањето на пристапниот процес. Министерството за финансии проценуваше дека членството ќе донесе забрзан раст и намалена невработеност, повикувајќи се на искуствата на Бугарија и Албанија, додека анализите на Народната банка укажуваа дека евроатлантската интеграција претставува позитивен сигнал за инвеститорите и дека истата ќе придонесе за поголеми приливи на странски директни инвестиции. Тогашниот премиер членството во НАТО го означи како чекор кон траен внатрешен мир и „шанса за економски развој“, а министерката за одбрана - како „економска врата“ за домашните компании кон меѓународните пазари. На самиот ден на пристапувањето, генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг говореше за „историски момент“, нагласувајќи дека земјата сега станува дел од заедница која обезбедува долгорочна безбедност и развој а граѓанскиот сектор ги систематизираше очекуваните придобивки во слична насока: зајакната геостратегиска позиција, повеќе инвестиции, нови работни места и подобро владеење на правото. Се поставува прашањето колку овие очекувања се исполнија?

Податоците за Северна Македонија не покажуваат едноставен или јасен ефект. Растот на БДП во годините по пристапувањето останува во сличен опсег како и во претходниот период, додека приливот на странски директни инвестиции, по врвот во 2018–2019 година, значително се намалува во првите години од пристапувањето за време на Ковид пандемијата и дури подоцна почнува постепено да расте. Клучна причина за ваквиот развој на настаните е што пристапувањето во НАТО во 2020 година се совпаѓа со Ковид пандемијата кога економијата запре, а по руската инвазија врз Украина во 2022 година следуваше енергетска криза и повисока инфлација.

Меѓутоа, тоа што ефектите беа оневозможени на краток рок не ја исклучува можноста за користење на членството во НАТО за економски придобивки на подолг рок. Баш напротив, имајќи го предвид сегашниот контекст односно зголемената потреба за развој на одбранбената индустрија и засилената поддршка од НАТО и ЕУ во оваа област се отвора суштинското прашање како да остариме конкретна економска корист, посебно што сме земја-членка на НАТО и имаме воспоставено партнерство со ЕУ.

За разлика од нејасната слика кај Северна Македонија, компаративната анализа на податоците која го мери „ефектот на НАТО“, согласно податоците од неколку земји-членки, а во нив и пет споредливи земји од регионот како Албанија, Бугарија, Хрватска, Црна Гора и Романија покажува дека членството во НАТО во просек е проследено со значителен раст на клучните економски индикатори во петгодишниот период по пристапувањето, во споредба со претходните пет години: просечен раст на БДП од 90% и на странските директни инвестиции од 292%. Сепак, ефектот е далеку од униформен. Романија бележи најголем раст (БДП +213%, СДИ +667%), додека Хрватска, единствената земја со негативен резултат, бележи пад на просечниот прилив на СДИ од 47%. Ова укажува дека членството во НАТО само по себе не гарантира економски придобивки. Нивното остварување зависи и од квалитетот на институциите, структурните реформи и инвестициската средина. Понови истражувања потврдуваат дека, каде што постојат ваквите позитивни ефекти, истите опстојуваат дури и во услови на зголемени геополитички ризици, а особено во стратешки индустрии како одбранбената, чиј развој е усогласен со синџирите на набавка на НАТО.

Токму оваа комбинација на ограничениот позитивен ефект наспроти охрабрувачките резултати во регионот го отвора централното прашање на овој документ: дали и како Северна Македонија може да има поголеми економски придобивки преку развој на домашната одбранбена индустрија усогласена со потребите и политиките на НАТО и ЕУ.

II. КОНТЕКСТ И АНАЛИЗА НА СИТУАЦИЈА

Европската одбранбена индустрија во новата безбедносна реалност на ЕУ

Руската агресија врз Украина фундаментално ја промени безбедносната средина во Европа и ја наметна потребата за посилна, поавтономна европска одбранбена политика. Како одговор, ЕУ во 2024 година ја усвои Европската одбранбена индустриска стратегија (European Defence Industrial Strategy – EDIS), со цел до 2035 година да изгради поефикасна, поконкурентна и поотпорна европска одбранбена технолошка и индустриска база. Во периодот од почетокот на руската агресија врз Украина до јуни 2023 година, 78% од одбранбените набавки на земјите-членки биле реализирани надвор од ЕУ , додека во 2022

година само 18% од набавките на одбранбена опрема биле реализирани преку европска соработка.

За надминување на овие слабости, ЕУ воспостави серија комплементарни инструменти: Безбедносната акција за Европа (Security Action for Europe - SAFE) обезбедува заеми до 150 милијарди евра за заеднички инвестиции во одбраната; Европската програма за одбранбената индустрија (European Defence Industry Programme - EDIP) финансиски ги поддржува заедничкото производство и развој; Актот за зајакнување на европската одбранбена индустрија преку заеднички набавки (European Defence Industry Reinforcement through Common Procurement Act - EDIRPA) ги поттикнува заедничките набавки, а Актот за поддршка на производството на муниција (Act in Support of Ammunition Production - ASAP) го зголемува европското производство на муниција. Патоказот за трансформација на одбранбената индустрија (2025) дополнително ја нагласува улогата на вештачката интелигенција, автономните системи и сајбер-безбедноста, како и на новите иновативни компании во забрзувањето на технолошкиот развој.

Овие промени се релевантни и за Северна Македонија, како членка на НАТО и земја кандидат за членство во ЕУ. Новите европски приоритети во одбранбеното производство, набавките и технолошките иновации отвораат можности за поголемо вклучување на македонските компании во европските и трансатлантските синџири на снабдување.

НАТО и индустриската димензија на одбраната

Паралелно, и НАТО постепено го проширува фокусот кон подобрување на одбранбено-индустриските капацитети на земјите-членки - тренд особено засилен по почетокот на војната во Украина, кога побарувачката за воена опрема ги надмина производствените капацитети. На самитот во Хаг во 2025 година, сојузниците се обврзаа постепено да ги зголемат инвестициите до 5% од БДП годишно до 2035 година. Од оваа рамка, најмалку 3,5% се наменети за основните одбранбени потреби, додека до 1,5% може да се насочат кон поширок одбранбено-безбедносни приоритети, вклучително и заштита на критичната инфраструктура, отпорност, иновации и зајакнување на одбранбено-индустриската база. Оваа определба е поддржана со конкретни индустриски механизми: Акциски план за одбранбено производство (Defence Production Action Plan), усвоен на Самитот во Вилнус во 2023 година и ажуриран во 2025 година има за цел да ги забрза заедничкитео набавки и да го зголеми производствеиот капацитет, и Заложбата за проширување на индустриските капацитети (NATO Industrial Capacity Expansion Pledge), усвоена на Самитот во Вашингтон во 2024, со која сојузниците се обврзаа да го забрзаат растот на одбранбеното производство, да ја зајакнат отпорноста на синџирите на снабдување и да ја продлабочат трансатлантската индустриска соработка. Ваквите чекори ја покажуваат променетата улога на Алијансата - денес таа не функционира само како воено-политички сојуз, туку и како платформа што влијае врз одбранбеното планирање, индустриските стандарди и координацијата меѓу државите. Оваа димензија дополнително се зајакнува преку Заедничката декларација ЕУ–НАТО (2023), која ја нагласува потребата од координација во области како што се одбранбените капацитети, новите технологии, критичната инфраструктура и отпорноста, а целта е да се обезбеди комплементарност меѓу двете организации и да се избегне дуплирање на ресурс и и политики.

За Северна Македонија, како членка на НАТО, ова отвора простор за развој на домашната одбранбена индустрија.

Зголемената побарувачка за воена опрема и потребата од посигурни синџири на снабдување создаваат можности за македонските компании да станат дел од поширокиот пазар на Алијансата. Сепак, за да се искористи овој потенцијал, потребно е земјата да вложи во производствените и технолошките капацитети и да создаде услови домашните компании полесно да се поврзат со одбранбената индустрија на НАТО.

Социјалдемократски контекст

Анализите од европските социјалдемократски кругови додаваат уште една важна перспектива. Германската СДП во своите позиции од 2023 година укажува на потребата од значително поголем европски придонес кон НАТО, националните и сојузничките одбранбени способности, како и кон заедничките воени капацитети на ниво на ЕУ. Фондацијата „Фридрих Еберт“, пак, нагласува дека зајакнувањето на европската одбрана не е само прашање на повеќе средства, туку и на отвореност кон иновации и политичка волја за промени. Сличен заклучок произлегува и од анализите на Фондацијата за европски прогресивни студии (FEPS), која укажува на потребата од поедноставни правила и заеднички регулаторни стандарди, како и подобра координација меѓу финансиските инструменти и долгорочните стратешки цели. Со други зборови, самото зголемување на инвестициите не е доволно. Потребни се и правила и услови што ќе ѝ овозможат на индустријата да расте, да се поврзува со поширок синџири на снабдување и да создава економски придобивки. Ова е важно и за Северна Македонија, каде што прашањето не е само колку се инвестира во одбраната, туку и како тие инвестиции можат да помогнат во развојот на домашната индустрија.

Моментална ситуација во Северна Македонија

Основната законска рамка за развојот на одбранбената индустрија е регулирана со Законот за развој, производство и промет на воени стоки. Законот воспоставува строг систем на државна контрола врз производството и прометот на воени стоки со цел заштита на националната безбедност и исполнување на меѓународните обврски на државата.
Според членовите 21 и 22, компаниите кои сакаат да започнат производство мора да исполнуваат повеќе услови:

- да бидат регистрирани како правни лица запишани во Централниот регистар;
- одговорните лица да се државјани на Република Северна Македонија и да имаат живеалиште во земјата;
- одговорните лица да бидат здравствено способни за ракување со воени стоки;
- да ги исполнуваат законските безбедносни услови и да немаат одредени кривични или прекршочни постапки;
- да имаат вработено или ангажирано стручен кадар со соодветно високо образование и познавање на областа;
- да располагаат со соодветна техничко-технолошка опременост и мерки за заштита на развојот и производството;
- да располагаат со соодветни простории за сместување и чување на воените стоки;
- да имаат воспоставен систем за контрола на квалитет;
- да располагаат со соодветни развојни, односно производни капацитети, зависно од видот на дејноста.

Постапките за добивање согласност за производство и за извоз се повеќестепени и вклучуваат повеќе институции. Најпрво, компанијата го поднесува барањето до Министерството за економија, по што Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни

работи даваат свои мислења. Врз основа на нив, се подготвува предлог до Владата, а Министерството за економија ја издава согласноста. Иако ваквата регулаторна рамка обезбедува висок степен на безбедност и државна контрола, сложените административни процедури, големиот број институции вклучени во процесот и високите почетни инвестиции можат да претставуваат пречка за нови домашни и странски инвеститори.

Покрај Законот, Правилникот за условите за производство и промет на вооружување и воена опрема детално ги регулира условите што треба да ги исполнуваат трговските друштва за оваа дејност. Правилникот предвидува барања за соодветна инфраструктура и производствени капацитети, специјализирана опрема за производство и контрола на квалитет, безбедносни системи за складирање и заштита, стручен и обучен кадар, соодветна техничка документација и организација на производството во согласност со законските прописи. Овие услови имаат важна безбедносна улога, но нивното исполнување бара значителни вложувања во инфраструктура, опрема и кадар. Оттука, прашањето не е дали овие контроли се потребни, туку дали постапките можат да бидат поедноставни, но без да се намалат безбедносните стандарди.

Во поширок контекст, Северна Македонија има и воспоставена рамка за соработка со Европската Унија во областа на безбедноста и одбраната. Во ноември 2024 година, земјата и ЕУ го потпишаа Партнерството за безбедност и одбрана, со кое беше воспоставена платформа за продлабочен политички дијалог и соработка. Партнерството опфаќа области како управување со кризи, поддршка за Украина, справување со хибридни закани, сајбер-безбедност, градење капацитети и обука, борба против тероризмот и други прашања од заеднички интерес. Соработката досега претежно се реализира преку политички дијалог, заеднички обуки и активности за јакнење на институционалната отпорност. Соработката досега главно се одвива преку политички дијалог, обуки и јакнење на институционалните капацитети, додека индустриската и економската компонента останува ограничена. Оттука, постои простор партнерството да се искористи за поголемо вклучување на домашните компании во европските синџири на снабдување и иницијативите за развој на одбранбената индустрија.

III. ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Развојот на одбранбената индустрија отвора различни интереси и очекувања кај институциите, компаниите и граѓаните. Разбирањето на овие интереси е важно за да се утврди каде постојат заеднички цели, но и каде може да се појават различни приоритети. Во продолжение се прикажани главните засегнати страни и нивните интереси.

Чинител	Интерес и приоритет
Северна Македонија	Искористување на придобивките од членството во НАТО за безбедност и економски развој; приоритет: инвестиции, нови работни места, забрзани евроинтеграции.
НАТО	Зачувување на регионалната безбедност и стабилност; приоритет: посилни одбранбени капацитети, координација и усогласени стандарди меѓу сојузниците.
Министерство за одбрана	Зајакнување на националните одбранбени способности и усогласеност со НАТО-стандардите; приоритет: модернизација на Армијата и поддршка на одбранбената индустрија.
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија	Унапредување на меѓународната позиција на државата; приоритет: односи со сојузниците и продлабочена дипломатска соработка со НАТО и ЕУ.
Домашни и странски инвеститори	Стабилна и сигурна деловна средина; приоритет: политичка и безбедносна стабилност, пристап до нови пазари и деловни можности.
Македонски компании (одбранбена и технолошка индустрија)	Проширување на производството и учество во меѓународни проекти; приоритет: усогласеност со НАТО/ЕУ-стандардите и зголемена конкурентност.
Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија	Привлекување нови инвеститори и промоција на земјата како сигурна инвестициска дестинација; приоритет: економски раст и нови работни места.
Министерство за економија и труд	Развој на индустријата и подобрување на деловната клима; приоритет: поддршка на инвестициите, иновациите и економскиот развој.
Министерство за финансии	Одржливо и ефикасно планирање на средствата за одбрана; приоритет: буџетско финансирање на одбранбените и инфраструктурните инвестиции и искористување на достапните меѓународни финансиски инструменти.
Армија на Северна Македонија	Модернизација и зајакнување на одбранбените капацитети; приоритет: набавка на современа опрема и целосна усогласеност со НАТО-стандардите.
Граѓани и работна сила	Подобар животен стандард и економска сигурност; приоритет: нови работни места, повисоки приходи, подобри можности за професионален развој.

IV. ПРЕДЛОГ НА ЦЕЛИ ЗА ПОЛИТИКИ

Главна цел: Зголемување на економските придобивки преку развој на одбранбена индустрија, поддржано од членството во НАТО и идното членство во ЕУ.

Цел 1: Овозможувачка средина за развој на одбранбена индустрија во Северна Македонија

За да може Северна Македонија да го искористи растот на побарувачката за одбранбена опрема, потребно е регулаторната и деловната средина да им овозможи на компаниите полесно да инвестираат, да започнат производство и да се поврзат со меѓународни партнери. Во таа насока, се предлагаат следните мерки:

- **Отворање кон инвеститори од НАТО**: Условот за македонско државјанство за одредени одговорни лица во постапката за добивање согласност за производство треба да се преиспита, со можност за негово проширување на државјани на земјите-членки на НАТО, соодветно на безбедносните стандарди.
- **Намалување на финансискиот ризик при влез во секторот**: Постапката за добивање согласност треба да овозможи претходно оценување на предложен проект, пред компанијата да мора да направи значителни инвестиции во објекти, опрема и кадар. На овој начин, инвеститорите би имале поголема сигурност дека проектот ги исполнува условите пред да вложат значителни средства.
- **Воведување едношалтерски пристап**: Процесот на добивање согласност треба да се поедностави преку една контакт-точка за компаниите, која би ја координирала комуникацијата со сите релевантни институции.
- **Развој на активни политики за поддршка на домашни производители и поттикнување на нови домашни инвестиции, како на пр**:
  - обуки за компаниите за можностите што ги нудат НАТО и ЕУ,
  - програми за унапредување на техничките и технолошките знаења, во соработка со институции и организации од земјите-членки на НАТО и ЕУ ,
  - организирање на настани за запознавање и вмрежување на домашни и странски фирми од НАТО и ЕУ заинтересирани за развој на одбранбена индустрија во Северна Македонија,
  - воспоставување бизнис инкубатор за одбранбени технологии и иновации, со можност за соработка со NATO DIANA

Цел 2: Искористување на партнерството со ЕУ за пристап до европски програми за развој на одбранбената индустрија

Врз основа на партнерството за безбедност и одбрана меѓу Северна Македонија и ЕУ, да се обезбеди пристап до политиките и програмите на ЕУ за развој на одбранбената индустрија.

- Проактивна улога на Министерството за надворешни работи во надополнувањето на воспоставеното безбедносно партнерство со ЕУ.

Цел 3: Наменска програма за привлекување инвестиции во одбранбениот сектор

Агенцијата за странски инвестиции да развие посветена програма за привлекување странски инвестиции во делот на одбраната.

- Анализа и промоција на Северна Македонија како инвестициска дестинација во одбранбениот сектор.
- Мапирање на постоечките капацитети за нивен понатамошен развој и мапирање на потенцијални нови инвеститори.

Цел 4: Насочување на јавни инвестиции во критичка инфраструктура поврзана со одбрана и одбрабена индустрија за економски развој

Во согласност со Хашката декларација на НАТО од 2025 година, според која земјите членки треба да издвојуваат до 5% од БДП за одбрана и безбедност, при што дел од средствата (1,5%) се наменети за критична инфраструктура и отпорност, Северна Македонија треба да развие национален пристап за насочување на овие инвестиции кон проекти кои истовремено ќе ја зајакнат безбедноста и ќе генерираат економски придобивки.

- Изработка на национална програма за инвестиции во одбранбена, дигитална и сајбер-инфраструктура.
- Вклучување на домашни компании во реализацијата на инфраструктурните проекти, со цел развој на домашни капацитети и отворање нови работни места.
- Поврзување на националните инвестиции со програмите и фондовите на ЕУ за критична инфраструктура и отпорност.

V. МОЖНИ РЕШЕНИЈА

Сценарио 1: статус кво

Северна Македонија ја задржува постојната регулаторна и институционална рамка без значајни измени во областа на одбранбената индустрија. Лиценцирањето и дозволите остануваат сложени и бавни, а ограничувањата за учество во производството на воени стоки не се менуваат. Координацијата меѓу Министерството за одбрана, Министерството за економија и труд и Министерство за внатрешни работи останува слаба и без проактивни политики за привлекување инвестиции. Партнерството со ЕУ не се користи системски за индустриски развој. Резултат: е ограничен развој на секторот и минимални економски придобивки од членството во НАТО и европските интеграции.

Сценарио 2: Умерено решение

Се спроведуваат делумни реформи фокусирани на **Цел 1** и **Цел 2**.

Во рамки на Цел 1, се олеснуваат условите за учество во одбранбената индустрија, се поедноставува процесот на лиценцирање и се воведува едношалтерски систем. Потенцијален носител би можело да биде Министерството за економија и труд.

Во рамки на Цел 2, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за одбрана поактивно го користат партнерството со ЕУ за пристап до европски програми за одбранбена индустрија.

Ова сценарио носи умерено подобрување на инвестициската клима во одбранбената индустрија и потенцијален економски раст и поголема поврзаност со ЕУ.

Сценарио 3: Амбициозно решение

Сценариото подразбира целосна имплементација на сите четири цели и развој на одбранбената индустрија како економски релевантен сектор.

Се спроведува поедноставување на регулативата и на постапките за лиценцирање и дозволи во одбранбената индустрија (Министерство за одбрана и Министерство за економија и труд), со цел намалување на инвестициските ризик и зголемување на предвидливоста за инвеститорите.

Се зајакнува искористувањето на Партнерството за безбедност и одбрана со ЕУ преку поактивна улога на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за одбрана, со цел пристап до европските програми за развој на одбранбената индустрија.

Агенцијата за странски инвестиции спроведува специјализирана програма за привлекување странски инвестиции во одбранбениот сектор, вклучувајќи анализа и промоција на земјата како инвестициска дестинација, но и мапирање на постоечките капацитети за нивен развој.

Државата го пренасочува дел од буџетот одвоен за НАТО (за кого се обврзала дека до 2035 година издвојувањето ќе достигне 5% од БДП) во критична инфраструктура поврзана со одбраната, со учество на Министерството за финансии и домашните компании, и поврзување со релевантни ЕУ инструменти за отпорност и инфраструктура.

Ова сценарио води кон значително проширување на индустриските капацитети, зголемена економска вредност од одбранбениот сектор, отварање на нови високо-квалификувани работни места, зголемување на БДП и економски раст, како и поактивно искористување на членството во НАТО и евроинтегративниот процес.

VI. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Анализата покажува дека членството во НАТО само по себе не носи автоматски економски придобивки за Северна Македонија. Податоци по пристапувањето не покажуваат јасен позитивен ефект, односно растот на БДП останува во сличен опсег како и претходно, додека странските директни инвестиции имаат само благ пораст по членството.

Искуствата на други споредливи земји од регионот, сепак, покажуваат дека потенцијалот постои, но дека резултатите зависат од домашните политики и институционалниот капацитет.

Ова е особено важно во услови кога НАТО и ЕУ значително ги зголемуваат вложувањата во одбраната и одбранбената индустрија. Тоа претставува можност за Северна Македонија, како членка на НАТО и земја кандидат за членство во ЕУ. За да се искористи оваа можност, потребни се поедноставни правила, подобра институционална координација и поактивна поддршка за домашните компании.

Врз основа на анализата, се предлагаат четири приоритети:

01 Овозможувачка средина за одбранбена индустрија

Проширување на условот за државјанство на државјани од земјите-членки на НАТО, поедноставување на постапката за добивање согласност и воведување едношалтерски систем за дозволите.

02 Подобро искористување на партнерството со ЕУ

Проширување на постојната соработка со конкретни можности за вклучување на македонските компании во европските одбранбени програми и синџири на снабдување.

03 Наменска програма за инвестиции

Развивање програма за привлекување домашни и странски инвеститори и промоција на Северна Македонија како локација за производство и развој на одбранбени технологии.

04 Насочување инвестиции кон критична инфраструктура

Дел од зголемените издвојувања за одбрана да се насочат кон одбранбена, дигитална и сајбер-инфраструктура, со вклучување на домашните компании и користење на достапните европски инструменти.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. 24 Вести (2019). Заев – Галовеј: Членството во НАТО голема победа што отвора и економски придобивки. 14 мај 2019. Достапно на: https://24.mk/details/zaev-galovej-chlenstvoto-vo-nato-golema-pobeda-shto-otvora-i-ekonomski-pridobivki
2. А1он (2019). НАТО индустриски ден: Економски придобивки за македонските компании од членството во Алијансата. 13 ноември 2019. Достапно на: https://a1on.mk/macedonia/nato-industriski-den-ekonomski-pridobivki-za-makedonskite-kompanii-od-chlenstvoto-vo-alijansata/
3. Европска комисија (2024). ASAP | Поттикнување на одбранбеното производство. Достапно на: https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/asap-boosting-defence-production_en
4. Европска комисија (2024). EDIP | Ковење на европската одбрана. Достапно на: https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/edip-forging-europes-defence_en
5. Европска комисија (2024). EDIRPA | Заедничка набавка на одбранбени способности. Достапно на: https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/edirpa-addressing-capability-gaps_en
6. Европска комисија (2024). SAFE | Security Action for Europe (Безбедносна акција за Европа). Достапно на: https://defence-industry-space.ec.europa.eu/eu-defence-industry/safe-security-action-europe_en
7. Европска комисија и Висок претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика (2024). „A new European Defence Industrial Strategy: Achieving EU readiness through a responsive and resilient European Defence Industry“ (Нова европска одбранбена индустриска стратегија: Постигнување подготвеност на ЕУ преку респонзивна и отпорна европска одбранбена индустрија). JOIN(2024) 10 final, Брисел, 5 март 2024. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52024JC0010
8. Европска комисија (2025). EU Defence Industry Transformation Roadmap: Unleashing Disruptive Innovation for Defence Readiness (Патоказ за трансформација на одбранбената индустрија на ЕУ: Ослободување на дисруптивни иновации за одбранбена подготвеност). COM(2025) 845 final, Брисел.
9. Закон за развој, производство и промет на воени стоки, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 298/2021, 29 декември 2021. (вклучувајќи членови 21, 22 и 24).
10. Институт за европска политика – Скопје (2018). Економски придобивки и предизвици од членството во НАТО. Скопје, стр. 11–12. Достапно на: https://epi.org.mk/-docs/Ekonomski%20pridobivki%20i%20predizvici%20od%20clenstvoto%20vo%20NATO.pdf
11. Џексон, К. и Шепотило, О. (2026). Beyond security: The trade implications of joining NATO (Надвор од безбедноста: трговските импликации од членството во НАТО). Достапно на: https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=6613399
12. Малета, Ѓ. (2025). ReArm Europe: The impact and role of EU arms export controls (Повторно вооружување на Европа: Влијанието и улогата на контролите на извозот на оружје на ЕУ). Фондација за европски прогресивни студии (FEPS), ноември 2025. Достапно на: https://feps-europe.eu/wp-content/uploads/2025/11/PB-ReArm-Europe-DIGITAL.pdf
13. Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна

Македонија (2024). Први во регионот: Потпишано Партнерство за безбедност и одбрана со Европската Унија. 19 ноември 2024. Достапно на: https://mfa.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/novosti/prvi-vo-regionot-potpisano-partnerstvo-za-bezbednost-i-odbrana-so-evropskata-unija
14. Министерство за финансии на Република Северна Македонија (2018). „Членството во НАТО ќе донесе економски раст и намалување на невработеноста“. 4 април 2018. Достапно на: arhiva.finance.gov.mk
15. Народна банка на Република Северна Македонија (2025). Директни инвестиции – движења (серија ES-003). Достапно на: https://www.nbrm.mk/direktni_investicii_dvizenja.nspx
16. НАТО (2020). Welcome into the NATO family, North Macedonia! (Добредојде во семејството на НАТО, Северна Македонија!). 27 март 2020, 30 март 2020. Достапно на: https://www.nato.int/en/news-and-events/events/transcripts/2020/03/30/welcome-into-the-nato-family-north-macedonia
17. НАТО (2023). Defence Production Action Plan (Акциски план за одбранбено производство). Самит во Вилниус, 11 јули 2023. Достапно на: https://www.nato.int/en/about-us/official-texts-and-resources/official-texts/2025/02/13/updated-defence-production-action-plan
18. НАТО (2024). NATO Industrial Capacity Expansion Pledge (Заложба за проширување на индустриските капацитети на НАТО). 10 јули 2024. Достапно на: https://www.nato.int/en/about-us/official-texts-and-resources/official-texts/2024/07/10/nato-industrial-capacity-expansion-pledge
19. НАТО (2024). NATO's role in defence industry production (Улогата на НАТО во производството на одбранбената индустрија). Достапно на: https://www.nato.int/en/what-we-do/deterrence-and-defence/natos-role-in-defence-industry-production
20. НАТО (2024). Акцелератор за одбранбени иновации за Северноатлантскиот регион (DIANA). Достапно на: https://www.diana.nato.int/accelerator-programme.html
21. НАТО (2025). The Hague Summit Declaration (Декларација од Самитот во Хаг). 25 јуни 2025. Достапно на: https://www.nato.int/en/about-us/official-texts-and-resources/official-texts/2025/06/25/the-hague-summit-declaration
22. НАТО (2025). Updated Defence Production Action Plan (Ажуриран акциски план за одбранбено производство). 13 февруари 2025. Достапно на: https://www.nato.int/en/about-us/official-texts-and-resources/official-texts/2025/02/13/updated-defence-production-action-plan
23. Правилник за условите за вршење производство и промет на вооружување и воена опрема, Службен весник на Република Македонија, бр. 73/2004, 21 октомври 2004.
24. Радио Слободна Европа (2019). НБРМ: Забрзувањето на евроатлантските може да донесе придобивки за економијата. 9 мај 2019. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/29934837.html
25. Светска банка (2025). Раст на БДП (годишен %) – Северна Македонија, Показатели за светски развој. Достапно на: https://data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.MKTP.KD.ZG?locations=MK
26. СДП – Социјалдемократска партија на Германија (2023). Social Democratic Responses to a World in Upheaval (Социјалдемократски одговори на светот во превирања). Јануари 2023. Достапно на: https://www.spd.de/fileadmin/internationalepolitik/202301_plan_en.pdf
27. Служба за парламентарни истражувања на Европскиот парламент (2024). European Defence Industrial Strategy (Европска одбранбена индустриска стратегија). PE 762.402,

септември 2024. Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document/EPRS_BRI(2024)762402
28. Совет на Европска Унија и НАТО (2023). Joint Declaration on EU-NATO Cooperation (Заедничка декларација за соработка меѓу ЕУ и НАТО). 10 јануари 2023. Достапно на: https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2023/01/10/eu-nato-joint-declaration-10-january-2023/
29. Фиот, Д. (2025). More money, more dependence? Financing European Union defence for autonomy and cooperation (Повеќе пари, поголема зависност? Финансирање на одбраната на Европската Унија за автономија и соработка). Фондација за европски прогресивни студии (FEPS), ноември 2025. Достапно на: https://feps-europe.eu/wp-content/uploads/2025/11/PB-Financing-EU-Defence-DIGITAL.pdf
30. Фондација Фридрих Еберт (2023). Arming Ourselves into the Past? Europe's Defence Needs More Than Just Money (Дали се вооружуваме за минатото? На европската одбрана ѝ е потребно повеќе од само пари). Достапно на: https://peace.fes.de/e/arming-ourselves-into-the-past-europes-defence-needs-more-than-just-money.html
31. Центар за управување со промени (ЦУП) (2018). Придобивки од членството на Македонија во ЕУ и НАТО. 25 септември 2018. Достапно на: https://cup.org.mk/events/benefits-of-membership-of-macedonia-in-eu-and-nato-2018-09-25
32. Слика 1. Раст на БДП на Северна Македонија, 2015–2025. Извор: Светска банка, Раст на БДП (годишен %) – Северна Македонија, Показатели за светски развој. Достапно на: https://data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.MKTP.KD.ZG?locations=MK
33. Слика 2. Директни странски инвестиции во Северна Македонија, 2017–2025 (месечни податоци, серија ES-003). Извор: Народна банка на Република Северна Македонија, Директни инвестиции – движења. Достапно на: https://www.nbrm.mk/direktni_investicii_dvizenja.nspx

ПРИЛОЗИ


Слика 1



Слика 1. Раст на БДП на Северна Македонија, 2015–2025.

Извор: Светска банка, Раст на БДП (годишен %) – Северна Македонија, Показатели за светски развој. Линк: https://data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.MKTP.KD.ZG?locations=MK

Слика 2



Слика 2. Директни странски инвестиции во Северна Македонија, 2017–2025 (месечни податоци, серија ES-003).

Извор: Народна банка на Република Северна Македонија, Директни инвестиции – движења. Линк: https://www.nbrm.mk/direktni_investicii_dvizenja.nspx



progres.org.mk